# *Извештајот го опфаќа следењето на Поглавјето 23 за периодот 01-29.02.2016 година - правосудство, борба против корупција и темелни права, како активност од проектот Мрежа 23+, поддржан од Европската унија*

**Специјално јавно обвинителство**

На 12 февруари 2016 година СЈО преку прес-конференција ја извести јавноста дека е отворена истражна постапка против повеќе лица за кривични дела против изборите и гласањето[1], во случајот кој СЈО го именуваше како „Титаник".

Осомничените, кои во текот на 2012 година имале својство на министер за внатрешни работи, министер за транспорт и врски и секретар на Владата на Р.Македонија, заедно со сите членови на извршен комитет на партија и други, засега непознати лица, искористувајќи ја својата службена положба создале група, која имала за цел вршење на кривични дела против изборите и гласањето, односно Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Повреда на избирачкото право од чл.159 од КЗ, Повреда на слободата на определување на избирачите од чл.160 од КЗ, Поткуп при избори и гласање од чл.162 од КЗ, Уништување на изборен материјал од чл.164 од КЗ и Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165-а од КЗ. Дополнително, СЈО извести дека е отворена истрага и против членови на општинската изборна комисија во Чаир, како и истрага и против пет судии на Управниот суд во Скопје и четири членови на Државна изборна комисија од 2013 година за кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ.

На 13.02.2016 година, СЈО поднесе два предлози за определување мерка притвор против сите осомничени лица, но тие беа одбиени од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје[2]. Одбивањето на определување на мерката притвор од страна на Судот претставува преседан, поради тоа што во изминатите три години Судот во ниту еден случај на организиран криминал не одбил мерка притвор предложена од Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.[3]

СЈО извести и дека се соочува со потешкотии во соработката со институциите, особено Основниот суд Скопје 1 Скопје, Агенцијата за катастер, петтата управа на УБК на МВР, единицата за заштита на сведоци во МВР, општина Битола, Управниот суд, Основното јавно

---

[1] Целосниот транскрипт од одржаната прес-конференција можете да го прочитате на официјалната Фесбук страна на Специјалното јавно обвинителство преку следниот линк: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=678493328920887&id=650104671759753

[2] Соопштенијата на Основниот суд Скопје 1 Скопје во врска со барањата и одлуките за определување на мерката притвор во случајот „Титаник" може да ги прочитате на официјалната веб страна на судот на следниот линк: http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx

[3] Годишни извештаи за работењето на јавните обвинителства во Република Македонија за 2012, 2013 и 2014 година: http://jorm.gov.mk/?page_id=31

обвинителство Скопје и обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција. Ваквата несоработка со СЈО влијае на одолговлекување на одредени предистражни постапки, а може да доведе и до спречување на истрага и до оневозможување да се поведат судски постапки против лица за кои има основано сомнение дека извршиле тешки кривични дела, кои го загрозуваат и уставниот поредок.

**Уставен суд**

Во текот на месец февруари 2016 година Уставниот суд донесе две одлуки за кои во јавноста имаше бурни реакции дека ваквите одлуки не се во одбрана на Уставот и интересите на граѓаните, туку во одбрана на интересите на владејачката коалиција. Првата одлука се однесува на иницијативата на пратениците Павле Трајанов и Тодор Петров за оценка на уставноста на одлуката за распуштање на Собранието, за која Уставниот суд се прогласи за неднадлежен и ја отфрли ваквата иницијатива. На јавната расправа на Уставниот суд се постави прашањето дали Уставниот суд е надлежен да расправа за ваквата одлука на Собранието, односно дали одлуката за распуштање на Собранието е интерен акт, за кој Судот нема надлежност или е општ акт за кој Судот, согласно Деловникот, има надлежност да одлучува. Мислењата на уставните судии беа поделени по однос на поднесената иницијатива и дел од нив сметаа дека ваквата одлука на Собранието е erga omnes и се однесува на целиот електорат, поради што Уставниот Суд е надлежен да расправа.  Сепак, мнозинството судии сметаа дека Уставниот суд нема надлежност да одлучува за конкретен правен акт на Собранието и донесоа решение со кое го прогласија Уставниот суд за ненадлежен, образложувајќи дека не се работи за општ акт или закон и доколку Уставниот Суд се вмеша во одлуката за распуштање на Собранието, тоа значи дека во иднина ќе може да се меша во секоја одлука на Собранието.

На 24 февруари 2016 година Уставниот суд донесе уште една одлука која беше осудена во јавноста и која се однесува на поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување(„Службен весник на Република Македонија бр.12/2009"). Со оваа одлука се дава можност за укинување или поништување на Законот со кој се утврдува дека помилувањето не може да се даде на лица осудени за кривични дела против изборите и врз основа на кој беше законски утврдено постоењето на Комисијата за помилување.

Иницијативата за оценување на уставноста на овој закон е поднесена на почетокот на месец февруари 2016, веднаш по отварањето на истрагата за изборни измами од страна на Специјалното јавно обвинителство. Земајќи ја предвид брзината на постапување по поднесената иницијатива од страна на Уставниот суд, основано се отвора простор за сомнеж за тоа дали Судот постапува во интерес на граѓаните и Уставот или пак постапува согласно интересите на владејачката коалиција. Одлуката за тоа дали и во кои делови ќе биде укинат или поништен законот се очекува на почетокот на месец март 2016 година.

**Судски совет[4]**

Во овој извештаен период Судскиот совет на Република Македонија (ССРМ) одржа две седници. На седницата одржана на 11 февруари 2016 година Судскиот совет ги разгледа извештаите за работа на судовите во РМ за четвртиот квартал за 2015 година. Констатирано е дека најголемиот број судови се ажурни во овој временски период освен Вишиот управен суд, Апелациониот суд Штип, Основен суд Кратово и Основен суд Штип кои не успеале да го совладаат заостанатиот број на предмети во овој извештаен период.

На седницата одржана на 23 февруари 2016 година беше донесена одлука за избор на претседатели на Апелационен суд Битола, Основен суд Охрид и Основен суд Кочани, како и донесување на одлука за објавување на огласи за избор на судии во Врховниот суд на Република Македонија, Апелационен суд Штип, Основен суд Скопје 1 Скопје, Основен суд Скопје 2 Скопје, Основен суд Велес и Основен суд Струмица за кандидатите од петтата генерација од Академијата за судии и јавни обвинители. Од страна на членовите припадници од албанското малцинство оспорена беше одлуката, за претседател на Апелационен суд Битола да се избере кандидат од основен суд, во случај кога има пријавено и други квалитетни кандидати од Апелациониот суд Битола. Негативни коментари беа дадени и по однос на повторниот избор на досегашниот претседател на Основниот суд Охрид, поради големиот број на претставки поднесени против него.

На седницата едногласно беше усвоен Правилникот за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судиите во Република Македонија кој произлезе од измените во Законот за плати на судиите објавен на 31.12.2015 година, за што и самите членови се изјаснија дека е потребно време да се направи целосна анализа за утврдување на специфичностите по судови за да може правилно да се одредат и додатоците за плата. Исто така ССРМ поднел барање за измена на Законот за измени на плати на судиите барајќи да се укине одредбата кадешто е предвидено да се добие согласност од Министеротот за финании по Правилникот, а таква обврска нема во измените кои се однесуваат за јавните обвинители. Во оваа насока се одлучи да се побара и усогласување на платите за судските службеници, бидејќи на јавнообвинителските службеници со споменатите измени ќе им се нивелираат платите, а на судските службеници тоа мора да се направи со измени на Законот за судска служба.

Во врска со зачестените критики дека ССРМ влијае на работата на судиите и претседателите на судовите, претседателот Ушковски реагираше и ги демантираше ваквите напади образложувајќи дека на тој начин се нарушува угледот и интегритетот на судиите како носители на судската власт и се поткопуваат темелите на судската власт. По

[4] Следењето на Судскиот совет е активност спроведена од Институт за човекови права

ваквата реакција во медиумите[5] биде прикажано и писмото со кое ССРМ бара од судиите да се изјаснат дека членовите и претседателот на ССРМ не вршат притисок врз нив.

**Судски постапки**

**Случај Диво населље**

На 09.02.2016 година започна судската постапка за настаните од 09 и 10 мај 2016 година во кумановската населба Диво Насеље, кога јавноста беше известена за конфликт меѓу Министерството за внатрешни работи и вооружена група лица. За овој настан обвинети се 29 лица за кривичните дела Тероризам и Терористичка организација, кои се изјаснија дека се невини и дека конкретниот случај е политички монтиран. Во текот на месец февруари 2016 година беа одржани четири рочишта на кои присуствуваа набљудувачи на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ, Коалицијата Сите за правично судење, Амбасадата на Косово во Скопје и голем број на медиуми.

**Случај Монструм**

На 11.02.2016 година Основниот суд Скопје 1 Скопје ја информираше јавноста[6] дека судовите во Косово не дозволиле лицата Африм Исмаиловиќ и Алил Демири, осудени на доживотен затвор за Тероризам во случајот Монструм, да бидат екстрадирани во Република Македонија. Апелациониот суд во Приштина оценил дека екстрадицијата не е дозволена кон бараните лица, поради што ја запрел мерката притвор на ден 22.01.2016 година.

Во однос на меѓународната потерница за овие лица, Основниот суд Скопје 1 Скопје извести дека е се уште активна и доколку истите лица бидат најдени во трета земја, надвор од границите на Република Косово и Република Македонија, ќе се постапи по барањето за екстрадиција на Министерството за правда на Република Македонија. Одговорот од косовските власти е испратен до Министерството за правда на Република Македонија.

**Слобода на изразување и плурализам во медиумите**

Во извештајниот период беше забележана промена во известувањето на најголемите национални радиодифузери Сител и Канал 5, кои после подолг временски период, (скоро 8 години), поканија претставници од опозицијата на интервјуа во нивните главни вести. Иако

[5]Целиот прилог може да го прочитате на следниот линк
http://telma.com.mk/vesti/ushkovski-baral-pretsedatelite-na-sudovite-deka-ne-im-bil-vrshen-pritisok
[6] Целосното соопштение можете да го прочитате на официјалниот веб сајт на Основниот суд Скопје 1 Скопје на следниот линк:
http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx

очигледно тоа имаше за цел подобрување на имиџот на овие медиуми, пред сè, за странската јавност, овие чекори не претставуваа вистинска промена во уредничката политика, туку само потврда на државната контрола врз нив.

На 10 февруари 2016 година претседателот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Зоран Заев, беше гостин во „Дневникот" од 19 часот на ТВ Сител, кој го водеше одговорниот уредник на телевизијата, Драган Павловиќ Латас. Иако интервјуто требаше да обезбеди простор за претставување на најголемата опозициска партија и нивните гледишта за актуелните општествено - политички теми, од страна на уредникот на ТВ Сител беше прикажан деградирачки однос кон соговорникот и непочитување на минимум стандардите за професионално новинарство. Во една од упатените навреди, уредникот ја навреди и турската етничка заедица, која наредниот ден протестираше пред ТВ Сител. Во овој поглед, интервјуто на главниот уредник на телевизија Сител беше пример за пристрасен пристап. Во текот на интервјуто, главниот уредник на Сител покажа листи на пресретната комуникација преку Вајбер и мобилен телефон, со што сакаше да прикаже пред гледачите дека се уште трае следењето на комуникациите.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[7] го осуди непочитувањето на професионалните новинарски принципи и стандарди од страна на одговорниот уредник на ТВ Сител. Агенцијата во својата реакција истакна дека интервјуто било без каква било професионална дистанца, без почитување на достоинството на соговорникот и на низа други личности споменати во разговорот.

Земајќи ја предвид осудата во јавноста за ова интервју, особено од институциите, новинарските здруженија и меѓународната заедница за ваквото интервју, Советот за етика во медиумите во Македонија подготви Повелба за етичко известување во изборите[8], која е потпишана од најголемиот број на медиуми, вклучително и ТВ Сител. Содржината на оваа Повелба се заснова на најважните и универзални принципи на професијата, содржани во документи и публикации на Меѓународната федерација на новинарите, Иницијативата за етичко новинарство, Фондацијата Ројтерс и Репортери без граници.

**Национална омраза и верска нетрпеливост**

Поставувањето на 51-метарски крст на кружен тек во Општина Бутел и на спомен-обележјето - двоглав орел - во чест на Ослободителната народна армија (УЧК) во месец февруари 2016 година предизвикаа национална омраза и верска нетрпеливост. Откако на 27 февруари група на граѓани се собраа да го одбележат почетокот на градежните активности кај локацијата за крстот, претседателот на Светскиот македонски конгрес, Тодор

[7] Целата реакција можете да ја прочитате на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми може да ја прочитате на следниот линк:
http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2609%3A2016-02-11-12-08-03&catid=88%3Asoopstenija-media&Itemid=313&lang=mk

[8] Целосниот текст на Повелбата можете да го прочитате на следниот линк:
http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/204-2016-01-27-13-41-21

Петров беше нападнат и повреден од група граѓани припадници на албанската заедница во Македонија, вклучително и од членови на ДУИ. Помала група на граѓани во почетокот на март кампуваше во знак на протест, а еден ден се приклучи и група на контра-протест. За време на протестите беа оштетени темелите на крстот, дојде до конфронтација помеѓу двете групи (фрлање на камења и шишиња), а повредени беа и тројца полициски службеници.